Политиката за приватност на личните податоци на веб-страната го уредува начинот на кој Skopjeinfo.mk ги собира, користи, одржува и открива податоците собрани од корисниците (поединечно – „Корисник") на веб-страната Skopjeinfo.mk („Страна"). Оваа Политика за приватност се однесува единствено за веб-страната.

## Кои информации ги собираме?

При посета на Страната се собираат следните податоци:

## Лични идентификациски информации

При посета на Страната се собираат лични идентификациски информации од Корисниците на разни начини, а во врска со активностите, услугите, карактеристики или достапните ресурси на Страната. Корисниците може да ја посетат Страната и анонимно. Ние ги собираме личните идентификациски информации од Корисниците единствено доколку тие самите се согласат да ги достават до нас. Корисниците може во секое време да одбијат да ги доставаат личните идентификациски информации, освен доколку тоа ги спречува во остварување на одредени активности поврзани со посетата на Страната.

## Идентификациски информации кои не се лични

При посета на Страната се собираат и идентификациски информации за Корисниците кои не се лични, секогаш кога тие ја посетуваат Страната. Идентификациските информации кои не се лични може да ги вклучуваат името на интернет пребарувачот, типот на компјутерот како и технички информации за конекцијата што Корисникот ја користи при посета на Страната, како што се оперативен систем, интернет провајдер и слични информации.

## Колачиња на Интернет пребарувачот

Нашата Страна може да користи Колачиња за да се подобри корисничкото искуство. Интернет пребарувачот на Корисникот ги чува колачињата на нивниот компјутер заради цели на чување на записи за посетите на Страната. Корисниците може да изберат да ги подесат нивните Интернет пребарувачи да ги одбијат Колачињата или да јават предупредување секогаш кога Колачињата ќе се пратат. Доколку

корисниците ја одберат таа можност, одредени делови од Страната може да не функционираат како што е предвидено.

## Аналитика

Страната користи Google аналитика за да помогне во анализа на начинот на користење на Страната од Корисниците. Оваа алатка користи колачиња. Генерираните информации од колачињата за вашето користење на Страната (вклучително и ИП адресата) се проследуваат до Google. Овие информации се користат за да се евалуира користењето на Страната од Корисниците и да се креираат статистички извештаи за активноста на Страната.

Ние нема (ниту ќе дозволиме на третите страни) да ја користиме статистичкита аналитичка алатка за следење или собирање на било кои Лични идентификациони податоци на Корисниците на нашата Страна. Google нема да ја придружи вашата ИП адреса со било кои други ваши податоци кои се чуваат во Google. Ниту агенцијата ниту Google нема да ја поврзе или да бара да ја поврзе ИП адресата со идентитетот на Корисникот.

Податоци кои кодот за аналитика на Dotmetrics, кој е поставен на веб страницата, ги собира од оние кои пристапуваат на веб страната се следните:

- ИП адреса
- Идентификатор на уред (мобилен или компјутер)
- Тип на интернет пребарувач и тип и спецификација на технички уред
- Време на пристап
- Web страна од која доаѓате на порталот
- Запис за интеракцијата со содржините или рекламите на порталот.

## Како ги користиме собраните информации?

Skopjeinfo.mk ги собира и користи информациите од Корисниците за следните цели:

- За подобрување на нашата Страна, постојано се стремиме да ја подобриме функционалноста и типот на содржини на нашата Страна врз основа на повратните информациите кои ги добиваме од вас.

- За администрирање на содржината, промоциите, анкетите и други функционалности на Страната

## Како ги штитиме вашите информации?

Применуваме сигурносни мерки при прибирање, чување и процесирање на информациите преку заштита од неавторизиран пристап, промена, откривање или уништување на вашите лични податоци како и податоци кои не се лични а се складирани на нашата Страна.

## Обработка на вашите лични информации

Не ги продаваме, разменуваме или изнајмуваме Корисничките лични идентификациони информации на трети лица. Личните податоци може да се откријат само во согласност со законските прописи наведени во регулативата за заштитата на личните податоци како и останатата важечка регулатива.

## Отстранување на содржини и лични информации

Доколку сметате дека некоја содржина ги повредува вашите права и/или сакате вашите лични информации да бидат отстранети, можете да нè контактирате на contact@skopjeinfo.mk. Во вашата порака задолжително во полето Subject/Предмет внесете „Отстранување на содржина/лични информации", а во пораката наведете за кои содржини и/или информации се работи.

## Веб-страни на трети лица

Корисниците може да најдат реклами или друга содржина на нашата Страна кои водат кон други Страни и сервиси на наши партнери, добавувачи, рекламни фирми, спонзори, лиценцни фирми и останати трети лица. Ние не ја контролираме содржината или врските кои се присутни на тие Страни и не сме одговорни за постапките на вработените од Страните кои се поврзани кон или од нашата Страна. Дополнително, наведените Страни или сервиси, вклучувајќи ги содржината и врските, може постојано да се менуваат. Наведените Страни или сервиси може да имаат сопствени Политики за приватност на личните податоци на нивните веб-страни и посебни Политики за односи со клиенти. Пребарувањето и интеракцијата

со било кој друга Страна, вклучувајќи ги Страните кои имаат врски кон нашата Страна е предмет на конкретните правила и Политики на односните Страни.

## Политика за приватност на личните податоци само за Веб-страната

Оваа Политика за приватност на личните податоци се однесува само за информациите кои се собираат преку нашата Веб-страна и не се однесува за личните податоци кои се собираат на други начини.

## Промени во Политиката за приватност на личните податоци

Skopjeinfo.mk има право да ја ажурира оваа Политика за приватност на личните податоци во било кое време. Кога тоа ќе го направиме, ќе дадеме известување на главната страница на Веб-страната и ќе го ревидираме датумот на ажурирање на крајот на оваа страница. Им обрнуваме внимание на Корисниците често да ја проверуваат оваа страница за било какви измени за да бидат информирани на кој начин овозможуваме заштита на личните податоци кои ги прибираме. Корисникот прифаќа и се сложува дека е негова/нејзина одговорност периодично да ја проверува Политиката за приватност и дека станал свесен за промените.

## Прифаќање на условите

Со користење на оваа Страна, Корисникот се сложува со одредбите од Политиката за приватност на личните податоци на Страната. Доколку не се сложувате со Политиката, ве молиме не ја користете нашата Страна. Вашето континуирано користење на Страната следејќи ги промените на оваа Политика ќе се смета за ваше прифаќање на дадените промени.